**20131022428**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 53-а став (4) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија” бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13 и 79/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА МЕСТОТО НА ПОСТАВУВАЊЕ, НАЧИНОТ НА ПОСТАВУВАЊЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПЧЕЛНИ СЕМЕЈСТВА ВО ШУМА

Член 1

Со овој правилник се пропишува местото на поставување, начинот на поставување, формата и содржината на барањето како и формата и содржината на одобрението за поставување на пчелни семејства во шума.

Член 2

(1) Пчелните семејства може да се поставуваат само на голини во шума кои не се предвидени за шумско културни работи во посебните планови за стопанисување со шумите.

(2) Поставувањето на пчелните семејства во шума може да се извршува на следниот начин:

- стационарен начин на поставување, подигнато од земја минимум 20 см поставени во редови и
- селидбен начин на поставување, зависно од средствата за селидба, платформа, камион или автобус.

(3) Местата каде што се поставени пчелните семејства треба да бидат соодветно оградени и обезбедени.

Член 3

(1) Барањето за поставување на пчелни семејства во шума во државна сопственост се печати на образец во А4 формат во хартија во бела боја.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) Одобрението за поставување на пчелни семејства во шума во државна сопственост се печати на хартија во бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на одобрението од став (1) на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 09-16041/3
12 јуни 2013 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**ПРИЛОГ 1**

**До: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**БАРАЊЕ**

за добивање на одобрение за поставување на пчелни семејства

Им и презиме/Назив на правното лице:

______________________________________________________________________

Адреса: ______________________________________________________________

Име и презиме на управителот:__________________________________________

Шифра на дејност:______________

Контакт телефон и е-адреса:____________________________________________

Барам горенаведениот наслов да ми издаде одобрение за поставување на пчелни семејства на следнава локација:

Шумскостопанска единица:_____________________________________________

Оддел/пододдел: ______________________________________________________

Место викано:_________________________________________________________

Површина:______________$м^2$

Начин на поставување:_______________________________ (Стационарен/Селидбен)

Во прилог на барањето доставувам потребните документи:

- Позитивно мислење од корисникот односно управувачот на шумата

Датум: М.П. Барател:

______________ ________________

**ПРИЛОГ 2**

**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 53-а став (2) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11 и 53/11), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство издава

## О Д О Б Р Е Н И Е

## ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПЧЕЛНИ СЕМЕЈСТВА ВО ШУМА

Име и Презиме/Назив на субјектот:

_______________________________________________________________

Адреса: _______________________________________________________

Име и презиме на управителот:_____________________________________

ЕМБ на субјектот: _______________

Се одобрува поставување на пчелни семејства во шума на следната локација:

Шумскостопанска единица: _________________________________________

Оддел/пододдел: _______________________________________________

Место викано: ______________________ Површина: _________________м²

Одобрението е со важност: ________________________

Број __________

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство

________________________

(ден, месец, година на издавање)